# ЗА СОПИШТЕ ГАРАНТИРАМЕ

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Почитувани жители, за жал, во вториот мандат ја изгубивме динамиката која ја постигнавме во првите 4 години. Причината е финансиската блокада и исплаќање енормно големи суми финасиски средства за грешки од минатото. Но и покрај блокадата, бројот на реализирани проекти е голем. Вие, жителите на Општина Сопиште, ја гледате разликата какви и колку проекти се реализирале овие 8 години споредено со мандатите пред мене. Изградивме 6 спортски терени, асфалтиравме 30 km локални улици, краци од улици и патишта што поврзуваат населени места. Градевме во водоснабдувањето, зафативме нови извори во Долно Соње во Чифлик и Св. Петка. Проектот за Патишка Река е реализиран повеќе од 70%. Изградивме и градиме детски градинки, имаме повеќе од 2000 улични светилки или колку Општина Карпош која е 5 пати поголема од нас. Набавивме возила за потребите на ЈКП „Сопиште". Вложуваме во културата со поддршка за одржување културни настани и изградба на културен дом, како и во многу потребната техничка документација која е доста обемна и бара време и посвета без која не можат да бидат реализирани ниту најосновните проекти.

Сопиште мора да остане убаво место за живеење. Прво да се подобри инфраструктурата и сервисот на комуналните услуги. Развојот да биде умерен, во чекор со ресурсите и инфраструктурата со која располагаме. Многу лесно може хаосот и загадувањето да станат наша реалност доколку дозволиме неконтролирано

да се гради во Сопиште. Тое се гради што денес е само 10% од реалната побарувачка. Мора да внимаваме Сопиште го направивме најатрактивно место за живеење и сега треба да го зачуваме од опасноста која го демне, да имаме недостиг на инфраструктура и незадоволни жители. Соодветноста на еколошки зачуваната природа со инфраструктура и социјален живот мора да бидат во складност со бројноста на населението и градбите.

За првпат на територијата од Општина Сопиште со средства од ИПА-фонд се отвори детска градинка, со што за многу жители, однодно родители се подобри начинот на функционирање и квалитетот на живот. Капитален проект на кој сум особено горд, а кој со својата сложеност и изведба, како и обезбедување средства преку кредит од МСПИ е „Изведба на канализација во населено место Ракотинци", проблем кој ја загрозуваше иднината на целото населено место поради појавата на свлечиште, кој е и во тек на реализација.

Водоснабдувањето и третирањето на отпадните води ќе бидат во фокусот на третиот мандат. Треба да се довршат започнатите проекти кои, за жал, беа опструирани од тие што ветуваа нереални работи, а денес се китат како тоа да се нивни дела. Продолжуваме со поголема динамика. Имаме потреба од асфалтирање, имаме план за подобрување на здравствената заштита, изградба на трговски центар, рециклирање  на пластика и целосна нова технологија во уличното осветлување.

Домаќинското работење е клучниот фактор за локален економски развој, како и правилно планирање и синхронизирање на расположливите ресурси во остварување на плановите.

Треба да продолжиме во зачувување на еколошкиот карактер на Општината, вложување во подобра медицинска нега, социјализација на жителите преку културни настани, спортување и отвореност кон лицата со попреченост, како и подобрување на услугите на локално ниво. Со балансот кој ќе го поставиме ќе може да живееме во рурална еколошка средина, но урбано.

Реален проблем со кој се соочи Општина Сопиште е големиот финансиски долг од минатото во висина од 2 000 000 €, што се многу пари за рурална општина како Сопиште формирана од 13 населени места. Јавниот превоз е целосно неприспособлив за жителите. Еден факт и пример за третманот на централната власт кон Општина Сопиште е тоа што Општина Сопиште ја нема во списокот на распределени средства од концесијата на ТАВ, кои без никаков повик ниту апликација Владата ги распредели на општините. Некои општини добија дури и по три проек-

ти, а Општина Сопиште не беше воопшто опфатена. Во октомври 2019 Регионалниот водовод „Патишка Река“, кој ќе ги снабдеше со вода сите населени места и ќе решеше децениски проблем на Општината, го снајде истата судбина како и многу други проекти низ Република Македонија. Владата ги пренамени средствата, и со тоа се запре неговата изведбата. Но Општина Сопиште не застана и не се обесхрабри, само нѐ направија поупорни да реализираме и обезбедиме средства за голем дел од проектите кои со децении тапкаа во место со помош на нашите странски партнери.

Почитувани, работата и одговорноста која ми е доверена од вас, жителите на Општина Сопиште, мора да биде оправдана и заслужена. Кога се сака и се работи со желба може да се постигне многу. Не ветувам дека ќе ги решиме сите проблеми или дека ќе направиме чуда, но максимално ќе го искористам моето искуство и знаење за релизација на најзначајните проекти.

Со почит,
м-р Стефче Трпковски

# 2. ПРИОРИТЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА СОПИШТЕ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВТОР РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Во насока на задоволување на потребите за водоснабдување на жителите на населено место Сопиште ќе изградиме втор резрвоар за вода кој ќе се снабдува со вода од јавниот водоводен ситем, а ќе биде поставен во горната зона на населеното место со цел непрекинато и квалитетно снабдување со вода на населеното место.

**Буџет:** 7 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ БУНАРИ ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ДОЛНО СОЊЕ

**Опис:** Поради неодложност за снабдување со вода на населеното место Долно Соње ќе изградиме бунари за вододснабдување на целото населено место. Техничката документација веќе е изготвена и сите хидрографски испитувања се завршени, со што реализацијата на овој проект ќе обезбеди непрекинато и целогодишно снабдување со вода на ова населено место.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ ДОБРИ ДОЛ - МАРКОВА СУШИЦА

**Опис:** На патниот правец кој ги спојува Општина Сопиште со Општина Студеничани, односно населеното место Добри Дол со Марковиот манастир, ќе се направи целосна реконструкција.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА МУЛТИНАМЕНСКА СПОРТСКА САЛА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО РАКОТИНЦИ

**Опис:** Физичката активност и спортската рекреација се основни наши постулати во развојот на младите луѓе во Општина Сопиште, иако Општината изгради 6 нови мултинаменски спортски игралишта во Општината, немаме спортска сала со поголем капацитет од затвореен тип. Во таа насок,а ќе пристапиме кон изградба спортска сала во населено место Ракотинци со сите придружни елементи. Таа ќе биде и добра основа за развој на спортски бази на спортските клубови од Општина Сопиште.

**Буџет:** 10 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ БУНАРИ ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ГОРНО СОЊЕ

**Опис:** Горливиот проблем со водснабдување застапен во населеното место Горно Соње ќе го решиме со изградба на водоснабдителни бунари со кој ќе може да се задоволат потребите за нормално снабдување со вода на целото населено место. Техничката документација веќе е изготвена и сите хидрографски испитувања се завршени, останува уште реализацијата ,со што населеното место Горно Соње ќе има нормално и непрекинато снабдување со вода во текот на целата година.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ БУНАРИ ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ЧИФЛИК

**Опис:** Водоснабдувањето како приоритет во оваа програма ќе го реши и водоснабдувањето во населеното место Чифлик. Со изградба на водоснабдителни бунари за населеното место Чифлик ќе се реши деценискиот проблем кој се провлекува години station назад. Општината и во минатото вложуваше во воснабдителниот локален водовод со ископ на водоснабдителни бунари, па проблемот со константно снабдување со вода ќе биде целосно надминат.

Техничката документација веќе е изготвена и сите хидрографски испитувања се завршени, а останува уште реализацијата.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ БУНАРИ ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО СВ. ПЕТКА

**Опис:** Подобрување на квалитетот на живот во сите рурални населени места во Општина Сопиште значи и изградба на водоснабдителни бунари за населеното место Св. Петка како едно од населените места кои има голем проблем со водоснабдувањето. Техничката документација веќе е изготвена и сите хидрографски испитувања се завршени останува уште реализацијата, со што во најкус можен период населеното место ќе има константно снабдување со вода.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА МУЛТИНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ДРЖИЛОВО

**Опис:** Спортот и рекреацијата на граѓаните на Општината се една од главните приоритети и со реализацијата на мултинаменско спортско игралиште во населено место Држилово би се реализирало и седмото мултинаменско игралиште во Општината, а населеното место Држилово би добило едно модерно и опремено спортско катче каде и младите и повозрасните би го поминувале времето во дружење спорт и рекреација.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ ДО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ПАТИШКА РЕКА

**Опис:** Реконструкцијата на патниот правец до населено место Патишка Река во должина од 16 km и променлива ширина ќе биде еден од приоритетите во оваа програма. Со реализацијата на овој проект ќе се подобри транспортот до Патишка Река и Држилово.

**Буџет:** 10 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОВОД ВО ПАТИШКА РЕКА

**Опис:** Со овој капитален проект ќе се реализира трајно и регионално задоволување на потребите за водоснабдување во сите населени места, иако средствата за негова реализација беа укинати од Владата на РМ во октомври 2019 година. Проектот е реализиран 70% и Општината Сопиште ќе продолжи се реализација на овој капитален проект и ќе го реши децениските проблем со водоснабдување на целото население од нејзината територија.

**Буџет:** 100 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА ГРАЃАНИТЕ

### ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ТРГОВСКИ ЦЕНТАР ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Во Општина Сопиште ќе гради првиот модерен повеќенаменски трговски центар. Овој комплекс на пазарот на недвижности ќе донесе повеќе од 3000 m2 нова бруто изградена површина, која се проценува како најголема приватна инвестиција од овој тип во Општина Сопиште. Плановите за развој вклучуваат трговски центар со вклучени големи маркети, банки и канцелариски парк. Трговскиот центар ќе биде изграден на две нивоа и ќе располага со подземни паркинг-места, исто на две нивоа. Особено внимание ќе се посвети на унапредувањето на урбаното екоживеење. Планот на комплексот предвидува градини и зелени површини по примерот на модерните архитектонски тенденции.

**Буџет:** 155 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** приватен инвеститор.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ - ОРГАНИЗИРАЊЕ ОБУКИ ЗА РАЗВОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО

**Опис:** Општина Сопиште ги поттикнува, инспирира и мотивира своите граѓани  и земјоделци во насока кон свој професионален и личен напредок и напредок на својата заедница. За таа цел, во нередните години ќе организираме презентации, обуки и работилници за земјоделието од страна на универзитетски професори на Земјоделскиот факултет во Скопје и сигурни сме дека со овие обуки ќе ги продлабочат знаењата за земјоделието како нераскинлива алка на нашата општина. Како полесно до финансиски средства за земјоделците, како да се управуваат личните и организациските земјоделски средства, како се одредува цената на чинење на производите, принципи на одговорно работење, се

само дел од темите на бесплатните обуки за земјоделците, кои ќе се одржат во наредниот период.

**Буџет:** 200 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА СТУДИИ И ПРОЕКТИ ЗА АЛТЕРНАТИВНИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

**Опис:** Светските практики во локалните политики укажуваат на користење алтернативни извори на енергија. Нивната употреба претставува и една од препораките за најдобро достапни техники во локалната економија, исто така, е и во склоп на концептот на циркуларна економија.

Земајќи го предвид целиот животен циклус на производот, кружната економија нуди алтернативен модел што промовира повторна употреба и рециклирање, реупотреба на ретки суровини и трансформирање на отпадот во ресурс.

Изработка на студии и проекти за алтернативни извори на енергија даваат солидни решенија и одржливи практики во овој поглед.

Придобивки од користењето на изработката на студии и проекти за алтернативни извори на енергија има во повеќе сфери.

## ПРЕДНОСТИ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:

- намалување на употребата на необновливи (фосилни) горива и суровини;
- намалување на стакленичките гасови;
- обновување на енергијата наместо отстранување (хиерархија на отпадот).

Придобивки за општеството:

- промовирање на политиката за управување со цврст отпад во општествата;
- избегнување на депонирање или на спалување земјишта и придружни емисии (воздух, земја, вода);
- отворање нови можности за вработување / фокусирање на локално и регионално ниво.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Сопиште, на РМ и фондови на ЕУ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 4. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Предвидените проекти имаат за цел подобрување на целокупниот воспитно-образовен процес, односно подобрување на образовната инфраструктура на училиштата.

### ПРИОРИТЕТИ ЗА СИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА ОД ОПШТИНА СОПИШТЕ

- Поставување централна климатизација во училиштата.
- Поставување сончеви колектори на покривите од училиштата.
- Поставување спортски реквизити за вежбање и рекреација на учениците во училишните дворови (**извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште).
- Поставување соодветна сообраќајна сигнализација во близина на училиштата заради сообраќајна безбедност на учениците.

## 4.1. АКТИВНОСТИ ПО УЧИЛИШТАТА

### ПРОЕКТ - ПОСТАВУВАЊЕ ЦЕНТРАЛНА КЛИМАТИЗАЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА

**Опис:** Проектот предвидува промена на старите грејни тела во подрачните учулишта со нови централни системи за затоплување.

**Буџет:** 4 000 0000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ - САНАЦИЈА НА ФАСАДАТА И ПОДОТ НА ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Со наведениот проект ПОУ „Драга Стојановска“ во Сопиште ќе добие современ изглед, како и подобрување на условите и обезбедување поголема енергетска ефикасност.

**Буџет:** 2 000 0000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

### ПРОЕКТ - САНАЦИЈА НА ФАСАДАТА НА ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ, НАСЕЛЕНО МЕСТО ЧИФЛИК

**Опис:** Со наведениот проект, ПОУ „Драга Стојановска“ во Чифлик ќе добие современ изглед, како и подобрување на условите и обезбедување на поголема енергетска ефикасност.

**Буџет:** 2 000 0000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 4.2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

Инклузивното образование како еден од аспектите на социјалното интегрирање  има значење на најважен облик на општествена еднаквост и прифаќање. Проектите и активностите наменети за поддршка на учениците од ранливи категории и учениците со посебни образовни потреби со особен акцент на оние деца и групи подложни на социјална исклученост и маргинализација, а со тоа и обесправени и високо ранливи имаат за цел надминување на бариерите и обезбедување еднакви можности за партиципација во наставните и вонnаставните активности.

### ПРОЕКТ - ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ

**Опис:** Финансиска еднократна помош во вредност од 10 000 денари за секој првенец на генерацијата во училиштата на територија од Општина Сопиште.

**Буџет:** 50 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ПОСТАВУВАЊЕ ПРИСТАПНИ РАМПИ, ЛИФТОВИ И АДАПТАЦИЈА НА ТОАЛЕТИ ЗА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

**Опис:** Со овој проект предвидуваме обврска на Општина Сопиште во секое општинско училиште во Општината да постави пристапни рампи, лифтови, како и адаптација на тоалети за лицата со телесна попреченост.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОСЕБЕН ПРЕВОЗ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Опис:** Со овој проект предвидуваме покривање на трошоците за учениците кои патуваат до Централното основно училиште „Драга Стојановска" во Ракотинци со цел безбедно и навремено патување до и од училиштето.

**Буџет:** 1 000 000.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ОТВОРАЊЕ ПРИВАТЕН МУЛТИМЕДИАЛЕН ЦЕНТАР ВО ГОРНО СОЊЕ

**Опис:** Со овој проект се предвидува бесплатна посета на мултимедијален центар во населеното место Горно Соње.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** приватен инвеститор.

**Рок:** 2024 година.



# 5. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НОВА БРЕЗНИЦА

**Опис:** Со изработка на детален урбанистички план за населеното место Нова Брезница би се урбанизирало едно од најактративните населени места во Општината, со што населението кое бележи висок тренд на населување би ги добило сите потребни инфраструктурни поволности кои би се предвиделе со урбанистичкиот план.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - УРЕДУВАЊЕ НА ЕЗЕРЦЕТО ВО ДОЛНО СОЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ ПЕШАЧКА ПАТЕКА

**Опис:** Овој проект подразбира целосно уредување на езерцето во населеното место Долно Соње со поставување потребни реквизити и урбана опрема, како и изградба на пешачка патека која би водела од езерцето до центарот на населеното место.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ЗАБАВНИ ПАРКОВИ ЗА ДЕЦА

**Опис:** Постојаната санација на постоечките забавни паркови за деца на територијата од Општина Сопиште е еден од приоритетите за рекреација и дружба како на дечињата така и на родителите. Со постојаната грижа се обезбедува безбедност на урбаната опрема, како и поставување нови содржини со цел најмалите времето поминато во забавните паркови го поминат забавно и исполнето.

**Буџет:** 1 500 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОД ИЛИНО БРДО ВО ГОВРЛЕВО СО СЕНИЦИ И МАЛИ ФУРНИ ЗА СКАРА

**Опис:** Уредувањето на просторот од Илино Брдо во Говрлево со сеници и мали фурни за скара, едно од најпосетуваните места во Општина Сопиште, ќе доведе до еколошко зачувување на недопрената природа на просторот, а, од друга страна, можност за посета на природните убавини на самото место.

**Буџет:** 1 500 000 денари

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште и ИПА-фондови.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ - ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА КРУЖНИОТ ТЕК И СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ ВО СОПИШТЕ

**Опис:** Хортикултурно уредување на кружниот тек и спортските терени во населеното место Сопиште со засадување зимзелени дрвја, поставување тревна површина и други хортикултурни содржини.

**Буџет:** 700 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ПОСТОЈКИ

**Опис:** Жителите на Општина Сопиште се корисници на јавен превоз и автобуските постојки се битен елемент на урбаната опрема во функција на патниците. Проектот предвидува редовната реконструкција на автобуските постојки, како и поставување wi-fi слободни зони на самите автобуски постојки.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ - ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ СМЕТ ОД ЛОКАЛИТЕТОТ РУДИНА - ЈАСЕН

**Опис:** Општина Сопиште поради својата конфигурација, релјеф и местоположба е повеќе од атрактивна и посетувана. Една од најпосетувани места во нашата Општина е локацијата Рудина - Јасен.

Со зголемувањето на населението во Скопје сѐ поголема е посетеноста на нашата Општина, па така Општина, освен место за живеење и викенд-претсој, прерасна во туристичка зона. Со самото присуство на посетители на нашите атрактивни локации се создаваат и локални диви депонии. За жал, посетителите на нашите туристички места амбалажата од храна и пијалоци ја оставаа на нашите планини.

Тоа поттикна Општината Сопиште да создаде систем за собирање, транспорт и складирање на смет со средства од посителите на Рудина кои не се жители на Општина Сопиште.

**Буџет:** 900 000 денари.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Сопиште

**Рок:** од 2022 година и континуирано.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ПАРК ДО ДОМОТ НА КУЛТУРА ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Со изградба на парк до Домот на култура во населеното место Сопиште ќе се заокружи еден витален проект во населеното место Сопиште, како и Општината во целост. Поради местоположбата и фрекфенцијата на жители паркот ќе биде со дел за детски реквизити, рекреативен дел како урбана опрема и канти за отпадоци и се разбира во најголемиот дел хортикултурно засаден и одржуван од страна на Општината.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК ДО СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ НА УЛ. „23“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Со овој нов детски забавен парк Општината ќе обезбеди уште едно простор за забава на децата од Сопиште, и тоа на локација која е една од најпосетените за одмор и рекреација на граѓаните.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК И БАСКЕТ-ТЕРЕН НА УЛ. „24“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Со овој нов детски забавен парк Општината ќе обезбеди уште еден простор за забава на децата и малско дружење на жителите од ул. „24“ во Сопиште како една од најголемите улици во нашата општина.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ - УРЕДУВАЊЕ И ОСВЕТЛУВАЊЕ НА СПОРТСКИОТ ТЕРЕН ВО ПОУ „ДРАГА СТОЈАНОВСКА“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** По изградбата на спортскиот терен во ПОУ „Драга Стојановска“ во Сопиште следи уредување со спортски реквизити, опремување со рекреативни справи, осветлување, како и негово оградување за да се овозможат услови за спорт и рекреација, и на учениците и на локалното население.

**Буџет:** 1 000 000 денари

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ЕКОЛОШКИ ДАТУМИ СО ОРГАНИЗИРАЊЕ ЕКОЛОШКИ АКЦИИ

**Опис:** Иницирање повисок степен на заштита на природните богатства во Општина Сопиште. Редовно одбележување на значајни датуми со организација на еколошки акции предводени од Општина

Сопиште  со цел зачувување и унапредување на животната средина во Општината. Акциите ќе вклучуваат собирање и транспорт на различен отпад по собраќајниците во Општината, засадување нови садници со дрвја на повеќе локации во Општината, зачувување на природните и туристичките локалитети во Општината, како и делење на флаери од страна на комуналните редари.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет Општина Сопиште.

**Рок:** 2021 - 2025 година.



# 6. ТУРИЗАМ

## ПРОЕКТ - ОТВОРАЊЕ НОВИ ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

**Опис:** Промовирање и валоризација на туристичко-рекреативниот потенцијал во населените места во Општина Сопиште. Нашата територија нуди прекрасни можности за уживање во нејзините природни убавини, планинарење и рекреација. За таа цел ќе овозможиме и помогнеме на жителите од сите населени места на Општина Сопиште во планирање и проектирање на туристичктеи капацитети на локации кој би ја подобриле и збогатиле туристичката мапа на Општина Сопиште. Со приватни инвеститори би се вложило во населените места со цел искористување на туристичкиот потенцијал.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и дополнително финансирање од приватни инвеститори.

**Рок:** 2021 - 2025 година.



# 7. СПОРТ И КУЛТУРА

## 7.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

### ➤ ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКОТО ИГРАЛИШТЕТО ВО ДОЛНО СОЊЕ

**Опис:** Со реконструкцијата на спортското игралиштето во Долно Соње се подразбира решавање на имотно-правните односи на спортскиот терен, а потоа целосна реконструкција на подлогата, оградната конструкција, спортските реквизити како и простор за публика и осветлување.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Сопиште

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 7.2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШТНИОТ СПОРТ

### ➤ ПРОЕКТ - ПОДДРШКА ВО ОДРЖУВАЊЕ ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ТУРНИРИ

**Опис:** Зголемување на средствата за поддршка на сите спортски клубови и спортски здруженија од Општината со цел реализација на турнири и спортски настани во нејзините рамки.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Сопиште

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## 7.3. НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во Општина Сопиште, освен одржување на културното наследство, потребно е унапредување на културниот живот и негово доближување до граѓаните. Нашата цел е промовирање на културните вредности, особено до младите, со тоа што ќе обезбедиме услови за нивно поттикнување. Создавање соодветен простор за реализирање културни активности, промоција на фолклорот и културно-историското наследство со следниве мерки:

- отворање општински читалници;
- збогатување на библиотечниот фонд во библиотеките;
- финансиска поддршка на творештвото за млади уметници;
- грижа за македонскиот фолклор.

### ➤ ПРОЕКТ - ОДРЖУВАЊЕ НА МАНЕФЕСТАЦИЈАТА КУЛТУРНО ЛЕТО „ГОВРЛЕВО“

**Опис:** Ќе ја продолжиме традицијата на оддржување на овој значаен културен настан кој го промовира македонскиот фолклор и на кој учевствуваат голем број културни-уметнички друштва од Општината и државата.

**Буџет:** 600 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ➤ ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

**(мултифункционална сала за културни настани, концерти, семинари и музејска галерија)**

**Опис:** Општината ќе изработи техничка документација за културно-информативен центар (мултифункционална сала за културни настани, концерти, семинари и музејска галерија) каде што ќе биде предвидено изградба на сцена за одржување на настани од културен и промотивен карактер со цел да им се обезбеди јавен простор на младите на затворено за организирање настани.

**Буџет:** 300 000 денари

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ - СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ШКОЛА ЗА МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

**Опис:** Овој проект предвидува финансиска поддршка за школа за музички инструменти регистрирани на територија од Општина Сопиште со цел реализација на концерти и проекти во Република Македонија и низ светот.

**Буџет:** 400 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКО ДРУШТВО ЗА НАРОДНИ ТАНЦИ

**Опис:** Овој проект предвидува финансиска поддршка за културно-уметничко друштво за народни танци регистрирани на територија од Општина Сопиште со цел реализација на концерти и проекти во Република Македонија и низ светот, како и зачувување на вековната традиција на културата и различностите.

**Буџет:** 400 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 8. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Сиромаштијата и социјалната исклученост земаат сè поголем замав кај социјално загрозените семејства на подрачјето на општина Сопитеште. Сиромашните стануваат посиромашни, а богатите уште побогати. Здравјето на луѓето е во надолна линија. Локалната самоуправа е должна да се залага за обезбедување квалитет на живот за СИТЕ ЛУЃЕ. Приматот на градоначалникот ќе биде да го воведе родовиот концепт за еднаквост меѓу мажите и жените во сите сфери на локално ниво. Локалната самоуправа се обврзува ја подобри оваа состојба.

## ПРОЕКТ - ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ

**Опис:** Локалната самоуправа ќе обезбеди финансиски стимул за семејствата со самохрани родители за да се подобри нормалноста и инклузијата на сите жители.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ОТВОРАЊЕ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Опис:** Локалната заедница на Општината Сопиште ги отвора ширум вратите за децата со посебни потреби и децата со попречености. Одговорно ќе партиципира во изнаоѓање просторни капацитети за оваа форма на заштита на децата со цел целодневно згрижување, како и работа со психолог, дефектолог и логопед.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПА-фондови.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ ЗА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

**Опис:** Со овој проект предвидуваме изградба на пристапни патеки за инвалидизирани лица со цел да им се овозможи непречен пристап до институциите на системот и јавните објекти низ општината.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина Сопиште

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА СО СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН МЕДИЦИНСКИ КАДАР

за работа во време на викендите и државните празници, биохемиска лабараторија со седиште во амбулантата и ангажман на педиатриска ординација

**Опис:** Пристапот до здравствените услуги и квалитетот на здравјето на граѓаните е голем приоритет за нас. Ние имаме грижа кон секој граѓанин на нашата општина, и тоа им го должиме. Локалната самоуправа ќе им овозможи еднаков здравствен пристап за сите луѓе со субвенционирање на дополнителен медицински кадар за работа во време на викендите и државни празници, биохемиска лабараторија со седиште во амбулантата и ангажман на педиатриска ординација.

**Буџет:** 65 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Сопиште и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 9. КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ИНФРАСТРУКТУРА

### ПРОЕКТ - НАБАВКА НА НОВО ВОЗИЛО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈКП „СОПИШТЕ“ ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА СМЕТ

**Опис:** Со набавката на новото возило ќе се подобри ефикасноста на комуналните услуги, собирањето на сметот од Општината и населените места и значително ќе се подобри техничката опременост и возниот парк на претпријатието што е повеќе од потребно, бидејќи застарениот и амортизиран возен парк е еден од главните проблеми.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** МТСПИ и Светска банка.

**Рок:** 2022 година.

### ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА УЛ. „22“ И УЛ. „24“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Со техничката документација изработна како донација од УСАИД Општина Сопиште во периодот што следува ќе изгради мрежа на фекална канализација за улиците „22“ и „24“ во населеното место Сопиште. Домовите од двете улици ќе бидат опфатени во неколку краци кои ќе завршат во прочестителна станица во месноста Подпашница, Сопиште.

**Буџет:** 20 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ - НОВ РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ДОБРИ ДОЛ

**Опис:** Постоечкиот резервоар за вода во населеното место Добри Дол не ги задоволува потребите и капацитетот на населеното место кое расте. Со овој проект е предвидено изградба на нов резервоар со нова локација и поголем капацитет.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РАКОТИНЦИ

**Опис:** Во август 2021 година започнавме со реализација на проектот за фекална канализација за населеното место Ракотинци. Реализацијата на овој проект во целост за сите објекти во населеното место во првите години од новиот мандат.

**Буџет:** 30 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште, Светска банка и Европска инвестициска банка.

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ - РЕШАВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ

**Опис:** Со зголемување на изградбата на објекти и уредување на дворните места се зголемуваат и атмосферските води кои најчесто завршуваат по сообраќајниците. Често ни самите улици не се доволни да ја прифатат целата атмосферска вода. Големата количина на атмосферски води освен улиците оштетува објекти и дворови. Со овој проект предвидуваме проекти за решавање на атмосферските води и нивно одводнување во суводолици.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНОТО МЕСТО ГОРНО СОЊЕ

**Опис:** Со изработка на техничка документација и елаборати во сите фази преставува основ за обезбедување на сретства и реализација на било кој проект од сопствени и странски финансиски институции.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ОДВОДНУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ ОД АВТОБУСКАТА ПОСТОЈКА ВО СВ. ПЕТКА

**Опис:** Автобуската постојка во населеното место Св. Петка е место каде се вкрстуваат најголем процент од атмосферските води на населеното место. Со овој проект се предвидува собирање и одводнување на атмосферските води во суводолица

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ЦЕЛОСНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПАТНИОТ ПРАВЕЦ СОПИШТЕ - ГОРНО СОЊЕ - ДОЛНО СОЊЕ

**Опис:** Патниот правец Сопиште - Горно Соње - Долно Соње е во вкупна должина од 4 km и на делови од овој патен правец нема јавно осветлување. Со овој проект се предвидува поставување инсталација и улични светилки за целосно осветлување на патниот правец.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 202 - 2023 година.

## ПРОЕКТ - ПРОМЕНА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА КЛАСИЧНИТЕ СВЕТИЛКИ СО НОВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ

**Опис:** На територијата од Општина Сопиште има поставено повеќе од 2000 светилки со различен принцип и материјали на функционирање. Општина Сопиште во 2022 година целосно ќе ги замени класичните светилки со нови ЛЕД светилки, кои, освен поголем работен век, ќе имаат поголема заштеда на електрична енергија.

**Буџет:** 15 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - ЗАФАЌАЊЕ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ ОД МЕСНОСТА ОРАШЕЦ, СОПИШТЕ

**Опис:** Овој проект предвидува зафаќање и доведување на водите од месноста Орашец, Сопиште до црквата Св. Мина во Сопиште.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ЗАФАЌАЊЕ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ИЗВОРИТЕ ОД МЕСНОСТА ОРАШЕЦ, СОПИШТЕ

**Опис:** Овој проект предвидува зафаќање и доведување на водите од месноста Орашец Сопиште до црквата Св. Мина во Сопиште.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште.

**Рок:** 2023 - 2025 година.



# 10. ЗЕМЈОДЕЛИЕ

## ПРОЕКТ - ОТВОРЕНА КАНЦЕЛАРИЈА ВО ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ ЗА КОНСУЛТАЦИИ СО СТРУЧНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО

**Опис:** Со овој проект овозможуваме присуство на стручни лица од областа на земјоделието за сручни насоки и совети достапни за жителите во општинската зграда на општина Сопиште.

**Буџет:** 200 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ПРОБИВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПАТИШТА ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Опис:** Помошта во развојот на земјоделието и подобрување на квалитетот во транспорт на земјоделски производи е во редовно одржување на земјоделските патишта. Продолжуваме со пробивање на нови земјоделски патишта како стимул за развој на земјоделието.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИНВЕСТИЦИЈА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ ОРГАНСКА ХРАНА

**Опис:** Општина Сопиште овозможи инвестиција за одгледување органска храна во населеното место Варвара и ќе се реализира во тековната 2022 година.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** приватен инвеститор.

**Рок:** 2022 година.



# 11. ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Општина Сопиште ќе продолжи да вложува во патната инфраструктура која претставува основа за економскиот развој и одржливост. Локалните улици и краците од локалните улици се една од главните потреби и заложби на секое населено место во Општината. По детална анализа на општинските можности и потребите на терен во идниот период продолжуваме со изградба и санација на патната инфраструктура.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „6“, НАСЕЛЕНО МЕСТО ДОЛНО СОЊЕ

**Опис:** Во должина од 930 m.

**Буџет:** 4 200 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „10“, НАСЕЛЕНО МЕСТО ГОРНО СОЊЕ

**Опис:** Во должина од 10 090 m.

**Буџет:** 6 400 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО ЦРКВАТА СВ. ТАЛАЛЕЈ ВО НОВА БРЕЗНИЦА

**Опис:** Во должина од 750 m.

**Буџет:** 4 400 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ПО ЦЕЛАТА ДОЛЖИНА НА УЛ. „1“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 1,5 km.
**Буџет:** 2 500 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ - НАСЕЛЕНО МЕСТО СВ. ПЕТКА КОН ХЕЦ „СВ. ПЕТКА“

**Опис:** Во должина од 1,8 km.
**Буџет:** 15 000 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „7“ ВО ДРЖИЛОВО

**Опис:** Во должина од 450 m.
**Буџет:** 1 500 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „7“ ВО РАКОТИНЦИ

**Опис:** Во должина од 600 m.
**Буџет:** 3 000 000 денари
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - САНАЦИЈА НА МОСТОТ МЕЃУ РАКОТИНЦИ И ДОБРИ ДОЛ

**Буџет:** 2 000 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „21“ ВО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 210 m.
**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „22“ ВО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 320 m.
**Буџет:** 1 200 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАКОТ КОЈ ГИ ПОВРУВА УЛИЦИТЕ „10“ И „14“ ВО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 380 m.
**Буџет:** 1 500 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - САНАЦИЈА НА УЛ. „10“ ВО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 220 m.
**Буџет:** 1 500 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ПОВРЗУВАЊЕ СО АСФАЛТЕН КРАК - УЛИЦИ „2“ И „6“ ВО ГОРНО СОЊЕ

**Опис:** Во должина од 220 m.
**Буџет:** 900 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „8“ ВО ГОРНО СОЊЕ

**Опис:** Во должина од 700 m.
**Буџет:** 3 500 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИТЕ ОД УЛИЦИТЕ „7“, „4“, „10“ И „6“ ВО ДОЛНО СОЊЕ

**Опис:** Во должина од 450 m.
**Буџет:** 2 000 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „5“ ВО ДОЛНО СОЊЕ

**Опис:** Во должина од 550 m.
**Буџет:** 700 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО С. ЈАБОЛЦИ

**Буџет:** 2 000 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „5“, НАСЕЛЕНО МЕСТО РАКОТИНЦИ

**Опис:** Во должина од 700 m.
**Буџет:** 3 500 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - АСФАЛТИРАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО РАКОТИНЦИ И РЕШАВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ

**Буџет:** 1 850 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „16“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 238 m.
**Буџет:** 1 200 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „4“, НАСЕЛЕНО МЕСТО СВ. ПЕТКА

**Опис:** Во должина од 210 m.
**Буџет:** 900 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „1“, НАСЕЛЕНО МЕСТО ВАРВАРА

**Опис:** Во должина од 430 m.
**Буџет:** 1 700 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА УЛ. „14“ ВО СОПИШТЕ

**Опис:** Во должина од 700 m.
**Буџет:** 1 000 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ - АСФАЛТИРАЊЕ НА КРАЦИТЕ ОД УЛ. „1“ ВО ДОБРИ ДОЛ

**Опис:** Во должина од 250 m.
**Буџет:** 1 000 000 денари.
**Извор на финансирање:** буџет на Општина Сопиште и ИПАРД-фондови.
**Рок:** 2022 - 2025 година.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*